РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1147
21. 05. 2______ година
СКОПЈЕ

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје
Примено:

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државнат управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска с член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Републик Македонија" бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии по Општа медицина на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии по Општа медицина на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-2442/2 од 17.05.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1147 од 18.05.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии по Општа медицина на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-63/2 од 16.03.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1147 од 21.05.2018 година формира комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.05.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1147 од 21.05.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии по Општа медицина на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**проф. д-р Рената Дескоска**

Изработил: м-р Викторија Динковска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: д-р Агим Рушити